# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за правда |
| Назив на предлогот на закон: | ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ |
| Одговорно лице и контакт информации: | Берат Мехмеди<br>bmehmedi@mjustice.gov.mk<br><br>cabinet@mjustice.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐ Друго ________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | не |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | септември 2018 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | септември 2018 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | октомври 2018 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1 Опис на состојбите*

Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" број 55/2013) е донесен на 10 април 2013 година и со него се уредува управувањето со Геодетско-катастарскиот информационен систем, одржувањето на катастарот на недвижностите, востановувањето и одржувањето на катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, основните геодетски работи, геодетските работи за посебни намени, премерот на недвижностите во функција на катастарот на недвижностите, премерот и одржувањето на државната граница на Република Македонија, топографските карти, масовната процена на недвижностите, воспоставувањето и управувањето со Графичкиот регистар за градежно земјиште, водењето на Регистарот за просторни единици, водење на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви, надзорот на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи, како и статусот, организацијата, работењето и надлежностите на Агенцијата за катастар на недвижности.

Наведениот закон беше изменет и дополнет во 2014 година, со Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 41/2014, со Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 115/2014 година, со Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 116/2015 година, со Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 153/2015 година, со Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 192/2015, со Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 61/2016 и со Законот за дополнување на Законот катастар на недвижности објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 172/2016.

Предложените измени и дополнувања произлегуваат од Информацијата со предлог мерки за подобрување на деловното окружување согласно препораките на Извештајот „Doing Business 2018" на Светска Банка, усвоена од Владата на Република Македонија со цел подобрување на рангот на Република Македонија во индикаторот Регистрирање на имот, со која се препорачува на Агенцијата за катастар на недвижности да пристапи кон изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности во насока на подобрување на квалитетот на податоците запишани во катастарот на недвижности, вклучувајќи го и механизмот за отстранување на грешки од страна на Агенцијата и намалување на процентот на незапишани права во катастарот на недвижности, заради што и најголем број од предложените одредби ја регулираат оваа материја.

Причините за донесување на Законот се должат и на потребата од допрецизирање на одредени одредби од истиот со кои се уредува плаќањето на надоместок по пријавите за запишување во катастарот на недвижностите кога пријавата за иста недвижност повторно се доставува од причини што претходно доставената пријава била одбиена, разграничување на надлежностите помеѓу приватниот геодетски сектор и Агенцијата за катастар на недвижности во делот на премерот и изготвувањето на геодетските работи за посебни намени, на потребата од пролонгирање на рокот за доставување пријави за запишување во катастарот на недвижности на податоците од интабулационите книги преземени од судовите а кои останале неидентификувани, потребата од создавање правни претпоставки за запишување на недвижниот имот на правните следбеници на ЕСМ кој се наоѓа на земјиште во приватна сопственост и друго.

### 1.2 *Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Основната причина за проблемите кои се предмет на разгледување е во потребата од подобрување на квалитетот на запишаните права во катастарот на недвижности, како и потребата од намалување на процентот на незапишани права при востановувањето на катастарот на недвижностите.

## 2. Цели на предлог регулативата

Целта на Законот е да се создадат правни претпоставки за подобрување на квалитетот на запишаните права вклучувајќи го и отстранувањето на грешки направени како при востановувањето така и при одржувањето на катастарот на недвижностите, да се овозможи намалување на процентот на незапишани права во катастарот на недвижности како и да се допрецизираат одредени одредби во Законот во насока на подобрување на текстот на Законот и негова непречена примена.

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 *Опис на решението „не прави ништо“*

Доколку не се донесе предложениот Закон, нема да се надминат досегашните практични проблеми во примената на Законот.

### 3.2 *Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Најсоодветно решение заради надминување на наведените слабости е да се донесе предложениот закон.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1 Економски влијанија*

*4.2 Фискални влијанија*

*4.3 Социјални влијанија*

Предложените законски одредби ќе ја зголемат правната сигурност во Република Македонија.

*4.4 Влијанија врз животната средина*

*4.5 Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

*б)трошоци за почитување на регулативата*

## 5. Консултации

*5.1 Засегнати страни и начин на вклучување*

Во текот на подготовката на Предлог Законот, земени се предвид сугестиите од Агенцијата за катастар на недвижности.

*5.2 Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

*6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

*6.3 Препорачано решение со образложение*

Предлогот на Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности кој содржи 54 члена да се донесе, со што се очекува подобрување на квалитетот на запишаните права, намалување на процентот на незапишани права во катастарот на недвижности, надминување на проблемите при практичната примена на Законот, а со тоа и јакнење на вербата во запишаното во јавната книга, односно во катастарот на недвижности.

**7. Спроведување на препорачаното решение**

*7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот на катастар на недвижности ќе доведе до потреба од менување на подзаконската регулатива од областа на катастарот на недвижностите.

*7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за премер на недвижности,
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за геодетски работи за посебни намени,
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за одржување на катастарот на недвижности,
Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за запишување на инфраструктурни објекти.
Правилник за начинот на водење, формата и содржината на Регистарот на преземени недвижности наменети за продажба и формата и содржината на податоците за преземените недвижности наменети за продажба
Годишна програма за обука од областа на геодетските работи

Рок за донесување шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон

*7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Агенција за катастар на недвижности

*7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

Обуки кои ќе бидат спроведени преку Агенцијата за катастар на недвижности.

8. **Следење и евалуација**

*8.1 Начин на следење на спроведувањето*

*8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

**Изјава од министерот**

Нацрт Извештајот за проценка на влијанието на регулативата е изготвен во согласност со Методологијата за проценка на влијанието на регулативата. Тој дава реална проценка на можните влијанија и очекуваните ефекти, како и трошоците кои се однесуваат на секоја од утврдените можни решенија (опции) за решавање на проблемот.

Датум: 03. 09. 2018

..........................................................

Министер за правда,

д-р Рената Дескоска